РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈ А

Бр./Nr 12-473/11

30-01-2024 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 99 -та седница одржана на ден 26.01.2024 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот со број 12-473/1 од 25.01.2023 година, оформен по пријава со наводи против медицински и организациски директор на ЈЗУ УК -------------, **СЕ ЗАПИРА** .

ДКСК утврди дека согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување по предметот од причина што за случајот постапува друг орган и се води судска постапка која е во тек и не е донесена судска одлука.

По однос на констатираните состојби/слабости во постапките за донесување на решенија за продолжување на договори за вработување на здравствени работници, ДКСК ќе достави препорака до министерот за здравство за преземање на активности во негова надлежност и преоценување на работата на раководните лица во ЈЗУ УК ------------ Скопје и во другите здравствени установи во однос на донесувањето на овие решенија.

Предметот со број 12-473/1 од 25.01.2023 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Од страна на познат подносител, --------------------------------------, на ден 17.10.2023 година до ДКСК доставена е пријава со наводи против службените лица ------------------------------, медицински директор на ЈЗУ УК -----------------и ----------------, организациски директор на ЈЗУ УК ------------ Скопје, по што е оформен предмет со бр.09-8849/1 од 17.10.2022 година. Предметот, по заклучок на колегиум на ДКСК, со службена белешка е префрлен во Одделение за корупција заведена под број **12-473/1 од 25.01.2023** година.

Во предметната пријава е наведено дека од страна на наведените службени лица било донесено Решение бр.----------------- од 30. 06. 2022 година за престанок на договор за вработување поради возраст и стекнување право на старосна пензија согласно кое решение на подносителот му престанува договорот за вработување сметано од 01.07.2022 година. Претходно, на именуваниот му било донесено Решение бр.---------- од 22.01.2021 година за продолжување на работниот однос до навршување на 66 години возраст односно, заклучно со 12.02.2023 година, а со Решение ---------- од 17. 09. 2021 година донесено од пријавените службени лица се става вон сила Решението бр. --------- од 22.01.2021. Со Решението бр.-------3 од 17. 09. 2021 година на ------------му се одобрува продолжување на договорот за вработување до 30. 06. 2022 година, а во образложението на истото, се наведува дека работодавачот постапувајќи по изјава бр.-------1 од 12. 01. 2021 година донел Решение бр.------- од 22.01.2021 година, со кое на именуваниот му го продолжил договорот за вработување до навршување на 66 години возраст, односно до 12.02.2023 година. Согласно наведеното, но имајќи го предвид член 1 и член 2 од Законот за изменување и дополнување на законот за работни односи (Сл. весник на РСМ бр. 151/21) и Измените и дополнувањата во член 204 алинеја 6 и член 204-а од Законот за здравствената заштита (Сл. весник на РСМ бр.178/21), се решило како во диспозитивот на Решението.

Незадоволен од ова, од причина што сметал дека се прекршени одредбите од Законот за здравствената заштита и Законот за работните односи, подносителот се обратил до повеќе институции: Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, Државен трудов инспекторат, Државен здравствен и санитарен инспекторат, Народен правобранител, Судски совет на РСМ, заменик на Претседателот на Владата задолжен за политики за добро владеење, Врховен суд на РСМ и исто така поднел тужба до Основен суд Скопје 2 Скопје.

Постапувајќи по изјавена жалба, Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен донела Решение под РО број ------ од 06. 09. 2022 година, со кое жалбата на ---------- ------------

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

изјавена против Решението за престанок на договор за вработување поради возраст и стекнување на право на старосна пензија ----------од 30.06.2022 година, се одбива како неоснована. Во образложението на ова решение се наведува дека Основниот Граѓански суд - Скопје донел Решение ---------------од 08.06.2022 година, со кое како неоснован го одбил предлогот на жалителот за суспендирање на Решението донесено од работоводниот орган и Решението донесено од Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

За случајот, по поднесена претставка на подносителот постапувал и Народниот правобранител и ја запрел постапката по добиена информација дека Судскиот совет постапил по истата претставка што подносителот ја доставил до нив.

Според подносителот на пријавата, работодавачот во случајот ги прекршил и одредбите од Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствена заштита (Сл. Весник на РСМ бр.77/21), член 281-б став 3, како и Одлуката за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на РСМ, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на РСМ и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење, со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението (Сл. Весник на РСМ бр. 72/21; 88/21; 274/21;146/22). (забелешка: Во член 1, став 1 од Одлуката за постоење на кризна состојба... (Сл. Весник на РСМ бр. 72/21) е децидно наведено дека „Со оваа одлука се утврдува постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија и тоа на подрачјата на јужната и северната граница на Република Северна Македонија..").

На ден 29.12.2022 година, во просториите на ДКСК, е остварена работна средба со подносителот на пријавата, на негово барање, на која меѓудругото наведе дека еднаш дадено решение не може да се стави вон сила или поништи со друго решение од истиот орган што го донел првото решение.

Во насока на утврдување на фактичката состојба за предметниот случај, ДКСК побара Државниот инспекторат за труд, да достави копија од Записникот од извршениот вонреден инспекциски надзор, кој според наводите во пријавата бил извршен во ЈЗУ УК ------------ Скопје, по барање доставено од ----------------- во февруари 2022 година, при кој биле утврдени состојби и бил издаден налог за постапување т.е. решение за отстранување на констатираните неправилности. Побарана е и информација од Министерство за здравство да достави ажурирани податоци заклучно со месец септември 2023 година, за доктори на кои и се одобрува продолжувањето на договорот за вработување или им престанува договорот за вработување.

По барањата доставени се бараните информации со прилог документација и по извршениот увид во истите, констатирано е следново:

- Од страна на Државниот инспекторат на труд бил извршен вонреден инспекциски надзор кај наведениот правен субјект за што е составен записник за утврдена фактичка состојба од 31.08.2022 година. По надзорот, Државниот инспекторат за труд, поднесената претставка од --------------------, согласно член 72 став (4) од Законот за инспекциски надзор, ја препратил на понатамошно надлежно постапување на Државниот санитарен и здравствен инспекторат како надлежен да врши инспекциски надзор над примената на Законот за здравствената заштита. Со оглед дека вработувањето, престанокот на вработувањето и правата и должностите на вработените во здравствените установи се целосно опфатени во Законот за здравствената заштита, Државниот санитарен и здравствен инспекторат, при своето постапување заклучил дека нема основ за постапување по наводите од претставката со образложение дека: „Доколку директорот или министерот за здравство не го продолжи работниот однос на здравствениот работник по навршени 64 години возраст, согласно со прописите од областа на работните односи истиот му престанува. Исто така продолжувањето на кризната состојба се однесува само на дел од територијата на Република Северна Македонија заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на РСМ."

Државниот инспекторат на труд, постапувајќи по претставката поднесена од подносителот на 28.02.2022 година извршиле вонреден инспекциски надзор координиран со Државниот здравствен и санитарен инспекторат, во врска со постапката на работодавачот ЈЗУ УК ---------------Скопје за престанок на вработување – постапка за пензионирање во услови на кризна состојба, уредено со член 281-б од Законот за здравствена заштита.

Врз основа на постапувањето на инспекциските органи, утврдена е следната фактичка состојба:

-------------------- поднел изјава бр. ------ од 12.01.2021 до клиниката за продолжување на договорот за вработување до навршување на 66 години возраст, односно до 12.02.2023 година, по што работодавачот донел Решение

за продолжување на договорот за вработување бр. ------- од 22.01.2021 со кое му е одобрено барањето. Решенеието е донесено согласно член 104 став 2, 3 и 4 од ЗРО и член 30 од Статутот на ЈЗУ УК ------------ Скопје. На 27.05.2021 година подносителот поднел Изјава за продолжување на договорот за вработување до навршување на 67 годишна возраст односно до 12.02.2024 година, по што работодавачот донел решение бр. ---------- од 17.09.2021 година, врз основа на член 1 и член 2 од Законот за изменување и дополнување на законот за работно односи, со кое под точка 2 му се одобрува продолжување на договорот за вработување до 30.06.2022 година. Под точка 3 од истото Решение, се става вон сила решението бр. ----------- од 21.01.2021 година.

Против донесеното Решение, подносителот изјавил Жалба од 23.09.2022 година до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, која жалбата ја одбила како неоснована, и против истото е заведен спор до Основниот граѓански суд Скопје.

Во Известувањето од ДИТ се наведува и дека „при започнување на постапката, Работодавачот требало да ја земе во предвид и одредбата од член 281-б став 3 од Законот за изменување и дополнување на законот за здравствена заштита (Сл. Весник на РСМ бр. 77 од 06.04.2021 година) каде е пропишано дека „за време на вонредните услови или кризната состојба се одложува започнувањето на постапките за престанување на вработувањето по сила на закон, со престанок на договорот за вработување или договорот за продолжување на вработувањето на здравствен работник, односно здравствен соработник, поради возраст и се одложуваат започнатите постапки за престанок на договорот за вработување или договорот за продолжување на вработувањето кој во периодот на времетраење на вонредните услови или кризната состојба исполнува услови за стекнување на право за старосна пензија кога ќе наполни 64 години живот (маж) односно 62 години живот (жена) согласно Законот за пензиско и инвалидско осигурување, односно кога ќе наполни 64 години возраст или со изјава до работодавачот ќе побара да му се продолжи договорот за вработување најмногу до 67 години возраст согласно Законот за работни односи.

Собранието на РСМ на 9-ти декември 2021 година донесе Одлука за изменување на Одлуката за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на РСМ, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на РСМ и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење, со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението (Сл. Весник на РСМ бр. 274/21), со која кризната состојба поради пандемијата со SARS-CoV-2 продолжува до 30 јуни 2022 година.

Согласно Законот за судови (Сл. Весник на РМ бр. 58/2006) член 13 став 2, правосилна судска одлука има неприкосновено правно дејство, став 3 судската одлука може да ја менува или укинува само надлежен суд во постапка пропишана со закон, став 4 судските одлуки се задолжителни за сите правни и физички лица и имаат поголема сила во однос на одлуките на било кој и да е друг орган.

Вонредниот инспекциски надзор е извршен врз основа на член 71 од Законот за инспекциски надзор (Сл. Весник на РМ бр. 102/19), член 256, 257 и 258 од ЗРО и член 1 од Законот за инспекција на трудот.

Министерство за здравство по барање на ДКСК достави ажурирани податоци за доктори на кои и се одобрува продолжувањето на договорот за вработување или им престанува договорот за вработување.. (*од увид во известувањето може да се констатира дека на голем број здравствени работници им е продолжен договорот за вработување заклучно со 2024 и 2025 година*).

Од вака утврдената фактичка состојба, ДКСК констатира дека:

- За случајот постапува друг орган и се води судска постапка во која судот ќе ги цени околностите на кои се повикува подносителот на пријавата и постапувањето на органите кои одлучувале во претходните постапки.
- По однос на констатираните слабости во постапките за донесување на решенија за продолжување на договори за вработување на здравствени работници, ДКСК ќе достави препорака до министерот за здравство за преземање на активности во негова надлежност и преоценување на работата на раководните лица во ЈЗУ УК --------- Скопје и во другите здравствени установи во однос на донесувањето на овие решенија.

Имено, при постоење на континуиран и хроничен проблем на недостаток на квалификуван и искусен здравствен персонал (здравствени работници и соработници) и потреба од обезбедување непрекината, континуирана и особено квалитетна здравствена заштита, потребно е Министерството за здравство целосно да ја утврди потребата од

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

здравствени работници. Во таа насока, ДКСК ќе препорача на министерот за здравство да ги задолжи здравствените установи да достават анализи на пополнетоста на работните места согласно систематизацијата со оглед дека и според последните изјави на министерот за здравство, постои сериозен недостиг на лекари и има потребата од нови вработувања. Со оглед дека во постапките за донесување на решенија за продолжување на договорите за вработување по писмена изјава на работникот, нема јасни и прецизни критериуми по кои се одлучува од страна на раководните лица во здравствените установи, на некои здравствени работници им се продолжуваат договорите за вработување по исполнување на условите за старосна пензија а на други не, што создава сериозен ризик од искористување на дискрецијата при одлучувањето. Оттука, министерот за здравство да ја преоцени работата на раководните лица во здравствените установи во однос на донесувањето на овие решенија. Во тек се судски постапки поведени од здравствени работници на кои не им се продолжени договорите за вработување, а сепак од тоа најголема штета трпат граѓаните кои немаат доволна и квалитетна здравствена заштита.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување по предметот и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- Подносителот на пријавата

Изработил: Ј.Ц,
Одобрил : м-р В.Г., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**